## Методологија

## Линија 1: *Очекувани резултати од учењето: компетенции*

***Инструментални компетенции***: Оние коишто имаат инструментална функција. Тие вклучуваат:

- *Когнитивни* способности, капацитет да се разберат и да се манипулира со идеи и мисли.
- *Методолошки* капацитети да се манипулира со средината: организирање на времето и стратгии за учење, донесување одлуки или решавање проблеми.
- *Технолошки* вештини поврзани со примената на технолошки уреди, работа со компјутери и вештини за управување со информации.
- *Лингвистички* вештини како што се усна и пишана комуникација или познавање на втор јазик.

***Интерперсонални компетенции***: *Индивидуални* способности што се поврзуваат со капацитетот за искажување на сопствените чувства, критички и самокритички способности. *Социјални вештини* што се поврзуваат со интерперсоналните вештини или работа во тим или искажување на социјална или етничка посветеност. Овие претендираат да бидат во корист на процесите за социјална интеракција и соработка.

***Системски компетенции***: оние вештини и способности коишто се однесуваат на *цели системи.* Тие претпоставуваат комбинација на разбирање, сензибилитет и знаење коишто на едно лице му овозможуваат да види како деловите на целината се поврзуваат и функционираат заедно. Овие капацитети ја вклучуваат и способноста за планирање промени за да се направат подобрувања во целиот систем и за да се дизајнираат нови системи. Системските компетенции како основа налагаат претходно стекнување на инструменталните и интерперсоналните компетенции.

Финалните прашалници ги сочинуваа следниве 30 компетенции:

**Инструментални компетенции**

- Капацитет за анализа и синтеза
- Капацитет за организација и планирање
- Основно општо знаење
- Основите на базичното знаење во професијата
- Усна и пишана комуникација на вашиот мајчин јазик
- Познавање на втор јазик
- Основни вештини за работа со комјутери
- Вештини за управување со информации (способност да се добијат и да се анализираат информации од различни извори)
- Решавање проблеми
- Донесување одлуки

**Интерперсонални компетенции**

- Критички и самокритички способности
- Работа во тим
- Интерперсонални вештини
- Способност да се работи во интердисциплинарен тим
- Способност да се комуницира со експерти во други полиња
- Почитување на диверзитетот и мултикултурноста
- Способност да се работи во меѓународен контекст
- Етичка посветеност

**Системски компетенции**

- Капацитет за примена на знаењето во практика
- Вештини за истражување
- Способност за учење
- Способност за приспособување кон нови ситуации
- Способност за генерирање нови идеи (креативност)
- Лидерство
- Разбирање на културите и обичаите во други земји
- Способност за автономна работа
- Дизјанирање и управување со проект
- Иницијатива и претприемачки дух
- Грижа за квалитетот
- Волја за успех